РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец септември 2020

Октомври, 2020

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2020 година примени се 24 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 11 огласи, за вкупно 54 работни места за вкупно 55 извршители. За институциите од централната власт објавени се 3 јавни огласи за 29 работни места со 29 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 8 јавни огласи за 25 работни места со 26 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | / | 11 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 3 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 8 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 54 | | / | 24 | 5 | 29 | | 3 | 19 | 3 | 25 |
| Извршители | | | 55 | | / | 24 | 5 | 29 | | 3 | 19 | 4 | 26 |
| Број на пријавени кандидати | | | / | | / | / | / | / | | / | / | / | / |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 25 | 19 | 8 | 16 | 9 | 33 | 6 | 4 | 25 | 7 | 36 |

*Табела 1. Јавни огласи септември 2020*

Во истиот период септември 2020 година спроведена е 1 (една) административна селекција за пријавени 101 кандидати, спроведени се 50 испити на кои што се поканети 619 кандидати, од кои полагале 260 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 48 огласи за 383 кандидати. Интервју е спроведено на 48 огласи со вкупно 215 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 47 огласи и предлог за избор на 204 кандидати, а од 25 спроведени огласи објавени се вкупно 69 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 1 | 101 | 50 | 619 | 260 | 48 | 383 | 48 | 215 | 47 | 204 | 25 | 69 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи септември 2020*

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2020 година примени се 10 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 10 огласи, за вкупно 16 работни места за 16 извршители. За институциите од централната власт објавени се 3 интерни огласи за 6 работни места со 6 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 7 интерни огласи за 10 работни места со 10 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 10 | / | 10 | | 3 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 7 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 16 | | 3 | 2 | 1 | 6 | | 1 | 8 | 1 | 10 |
| Извршители | | | 16 | | 3 | 2 | 1 | 6 | | 1 | 8 | 1 | 10 |

*Табела 3. Интерни огласи септември 2020*

# Испит за административно управување

Во текот на месец септември 2020 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 81 кандидати. Од нив на испитот се појавија 65 кандидати од кои испитот го положиле 50 кандидати (77%), а не го положиле 16 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 54 се вработени во јавен сектор, 3 во приватен сектор, додека 8 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 81 | 65 | 50 | 16 | 54 | 3 | 8 |

*Табела 4. Административно управување септември 2020*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец септември 2020 година, беа поднесени 56 жалби, од кои 12 се од државни и 44 се од јавни службеници.

Во тековниот месец беа одржани 6 седници во просториите на Агенцијата за администрација. Изработени се 6 записници по одржаните седници. Обработени се вкупно 34 жалби. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 49 предмети поднесени во месец септември 2020 година преминуваат во месец октомври 2020 година.

Од вкупниот број на обработените жалби и приговори за месец септември 2020 година од државните службеници, уважени 2, одбиени 8, отфрлени како недозволени 2, повлечена од подносител е 1 жалба, Комисијата се огласила за ненадлежна за 3 жалби и 2 жалби се мериторно одбиени.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници, уважени се 5 жалби, одбиени 5, мериторно уважени 3 и отфрлени како недозволени се 3 жалби.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 12 | 44 | 8 | 5 | 2 | 5 | 8 | 5 | 2 | 3 | / | / | 1 | / | 3 | / | / | 3 | 2 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во септември 2020*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец септември 2020 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 10 предмети кои се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија (1); Државна комисија за спречување на корупција (1); Центар за економски анализи (1); Виш управен суд (1); Управен суд (2); Општина Делчево (1); Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" – Пробиштип (1); Основен суд Неготино (1) и Јавно претпријатие Куманово – Гас Куманово (1).

Вработени од Агенцијата во текот на месец септември 2020 година присуствуваа на обука на тема:

-Присуство на онлајн обука на тема „Се што треба да знаете за канцелариското и архивското работење-од приемот на документацијата, па се до нејзиното уништување", реализирана на 30.09.2020, Академик, Скопје;

-Присуство на онлајн (CEF Online Learning Campus) предавање на Обука за сертификација на сметководители во јавниот сектор (ПАКТ), реализирана на 30.09.2020, Министерство за финансии,Скопје.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 54 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 29 е одговорено, а за 24 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите и на 1 (една) не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец септември 2020 година, донесени се 2 одлуки за јавни набавки и објавени се 2 огласи на ЕСЈН.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | / | / |

*Табела 6. Јавни набавки септември 2020*

## Реализација на буџет

Во месец септември 2020 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2020 година | Реализација на буџетот до 30.09.2020 | Реализација на буџетот од 01.09.2020 – 30.09.2020 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2020 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.675.000,00 | 17.337.779,00 | 1.897.568,00 | 6.337.221,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 9.015.000,00 | 6.723.414,00 | 737.374,00 | 2.291.586,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 120.000,00 | 17.000,00 | 0 | 103.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 1.979.000,00 | 1.373.780,00 | 188.474,00 | 605.220,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 530.000,00 | 272.384,00 | 4.693,00 | 257.616,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.720.000,00 | 952.796,00 | 103.827,00 | 767.204,00 |
| **425-договорни услуги** | 2.004.000,00 | 1.074.353,00 | 127.778,00 | 929.647,00 |
| **426-други тековни расходи** | 390.000,00 | 197.061,00 | 8.388,00 | 192.939,00 |
| **464-разни трансфери** | 140.000,00 | 76.200,00 | 15.000,00 | 63.800,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 250.000,00 | 0 | 0 | 250.000,00 |
| **483-купување на мебел** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.125.000,00 | 798.466,00 | 0 | 2.326.534,00 |
| 486-купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 42.948.000,00 | 28.823.233,00 | 3.083.102,00 | 14.124.767,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*